Уп. Бр. 08-142/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од **ЛЕО II-VV11 ГмБХ (LEO II.-VV11 GmbH),** со седиште на Оттоштрасе 1, 80333 Минхен, Германија, преку Адвокатско друштво Поленак од Скопје, на седницата одржана на ден **15.11.2022** година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која ЛЕО II-VV11 ГмБХ (LEO II.-VV11 GmbH), со седиште на Оттоштрасе 1, 80333 Минхен, Германија, има намера индиректно да стекне контрола над Витеско Технолоџис Емитек ГмбХ (Vitesco Technologies Emitec GmbH), со седиште на Хауптштрасе 128, 53797 Лохмар, Германија, новоосновани зависни друштва на Витеско Технолоџис Емитек ГмбХ во Јапонија, САД, Кореја, Индија и Кина, вклучувајќи ги локално издвоените бизниси на Витеско Технолоџис ГмбХ, со седиште на Сименсштрасе 12, 93055 Регенсбург, Германија, недвижности во Лохмар и Ајзенах, Германија, и одредени вработени и права на интелектуална сопственост поврзани со горенаведеното, по пат на стекнување на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 25.10.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од страна ЛЕО II-VV11 ГмБХ (LEO II.-VV11 GmbH), со седиште на Оттоштрасе 1, 80333 Минхен, Германија, со кое ЛЕО II-VV11 ГмБХ има намера

индиректно да стекне контрола над Витеско Технолоџис Емитек ГмбХ (Vitesco Technologies Emitec GmbH), со седиште на Хауптштрасе 128, 53797 Лохмар, Германија, новоосновани зависни друштва на ВТ Емитек во Јапонија, САД, Кореја, Индија и Кина, вклучувајќи ги локално издвоените бизниси на Витеско Технолоџис ГмбХ, со седиште на Сименсштрасе 12, 93055 Регенсбург, Германија, недвижности во Лохмар и Ајзенах, Германија, и одредени вработени и права на интелектуална сопственост поврзани со горенаведеното, по пат на стекнување на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополнувањата и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ЛЕО II-VV11 ГмбХ** е друштво за специјална намена кое работи како холдинг друштво. ЛЕО II-VV11 е индиректно зависно друштво во 70% сопственост на Ленбах Еквити Оппортунитиес II. ГмбХ & Ко. КГ, приватен капитален фонд советуван од ДУБАГ. ДУБАГ Групата е специјализиран инвестициски советодавен тим со седиште во Минхен кој управува со приватни капитални фондови, чија цел е стекнување и активен развој на компании во посебни ситуации.

ЛЕО II нема регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија.

Единствената портфолио компанија од групацијата **ЛЕО II** која пласираше производи/услуги во Северна  Македонија во 2021 година беше КАТЕНСИС.

**Емитек Бизнисот**, со седиште во Германија, обезбедува катализаторни подлоги кои се употребуваат во решенија за опрема за намалување на емисиите во автомобилската индустрија, вклучувајќи патнички автомобили, лесни и тешки комерцијални возила, индустриска опрема и возила со две тркала. Активен е во развојот, производството и дистрибуцијата на производи за намалување на емисиите на загадувачи, како што се носачи на метални катализатори, електрично загревачки катализатори и филтри за мотори со внатрешно согорување.

ВТ Емитек нема регистрирано зависни друштва во Република Северна Македонија. ВТ Емитек им продава на глобалните производители на автомобили (ОЕМ). Ниту еден од овие ОЕМ не е со седиште во Република Северна Македонија. ОЕМ потоа ги определуваат синџирите на снабдување и му наложуваат на ВТ Емитек да ги достави производите до добавувачите што тие ги избираат.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**